# ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
# ЗА 2022 ГОДИНА

Скопје, јануари 2023 година

| | |
|---|---|
| **страна 3** | **I. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ** |
| **страна 6** | **II. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ** |
| **страна 9** | **III. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА** |
| **страна 13** | **IV. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ** |
| **страна 18** | **V. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА** |
| **страна 20** | **VI. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ** |
| **страна 22** | **VII. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ** |

# I. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

| Нерешени предмети на почеток на 2022 година | Новопримени предмети во 2022 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа во 2022 година | Решени предмети во 2022 година | Нерешени предмети на крајот на 2022 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15191 | 40801 | 1340 | 51 | 57281 | 39291 | 17990 |

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени предмети на почеток на 2022 година | Новопримени предмети во 2022 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа во 2022 година | Решени предмети во 2022 година | Нерешени предмети на крајот на 2022 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стечај | 299 | 151 | 40 | 0 | 490 | 207 | 283 |
| 2 | Заверки | 19 | 10824 | 2 | 0 | 10845 | 10828 | 17 |
| 3 | Замолници | 59 | 279 | 0 | 0 | 338 | 287 | 51 |
| 4 | Трговски спорови | 735 | 380 | 137 | 4 | 1248 | 556 | 692 |
| 5 | Парнични - мала вредност | 2359 | 2535 | 130 | 7 | 5017 | 2713 | 2304 |
| 6 | Работни спорови | 5412 | 6193 | 517 | 14 | 12108 | 3848 | 8260 |
| 7 | Платни налози - предлог | 0 | 18 | 0 | 0 | 18 | 17 | 1 |
| 8 | Платни налози по приговор | 2129 | 2482 | 152 | 2 | 4761 | 2433 | 2328 |
| 9 | Приговори против неправилности при извршување | 28 | 820 | 2 | 0 | 850 | 821 | 29 |
| 10 | Вонпарнични предмети (ВПП) | 342 | 923 | 19 | 1 | 1283 | 880 | 403 |
| 11 | Оставина | 6 | 1 | 9 | 0 | 16 | 11 | 5 |
| 12 | Имотни спорови | 1255 | 734 | 104 | 13 | 2080 | 1074 | 1006 |
| 13 | Семејни спорови | 714 | 1550 | 43 | 2 | 2305 | 1531 | 774 |
| 14 | Ликвидација | 5 | 7 | 3 | 0 | 15 | 8 | 7 |
| 15 | Противизвршување | 9 | 11 | 0 | 0 | 20 | 16 | 4 |
| 16 | Извршување по Законот за семејство | 1 | 3 | 1 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| 17 | Оставина по приговор | 12 | 45 | 5 | 0 | 62 | 43 | 19 |
| 18 | Разни вонпарнични предмети | 39 | 12466 | 0 | 0 | 12505 | 12457 | 48 |
| 19 | Физичка делба | 279 | 185 | 15 | 0 | 479 | 175 | 304 |
| 20 | Регистрација на политички партии и др | 4 | 34 | 5 | 0 | 43 | 37 | 6 |

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени предмети на почеток на 2022 година | Новопримени предмети во 2022 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа во 2022 година | Решени предмети во 2022 година | Нерешени предмети на крајот на 2022 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Облигациони спорови | 1474 | 953 | 155 | 7 | 2575 | 1137 | 1438 |
| 22 | Платен налог жалби | 0 | 22 | 1 | 1 | 22 | 21 | 1 |
| 23 | Издавање дозволи | 1 | 175 | 0 | 0 | 176 | 176 | 0 |
| 24 | Разни парнични предмети | 10 | 10 | 0 | 0 | 20 | 11 | 9 |
| | **ВКУПНО** | **15191** | **40801** | **1340** | **51** | 57281 | **39291** | **17990** |

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени предмети на почеток на 2022 година | Новопримени предмети во 2022 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа во 2022 година | Решени предмети во 2022 година | Нерешени предмети на крајот на 2022 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **СУ - СУ-07** | 3 | 3687 | 1 | 3 | 3688 | 3624 | 64 |
| 2 | **СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ** | 0 | 15 | 0 | 0 | 15 | 15 | 0 |
| 3 | **СУ-ИЗЗ** | 0 | 218 | 0 | 0 | 218 | 216 | 2 |
| 4 | **УПП** | 0 | 89 | 0 | 0 | 89 | 87 | 2 |
| 5 | **СПИ** | 0 | 28 | 0 | 0 | 28 | 28 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **3** | **4037** | **1** | **3** | **4038** | **3970** | **68** |

Анализата на вкупните податоци покажува дека Судот не го совладал приливот во текот на 2022 година.

Основен проблем со кој се соочи судот беше недостаток на човечки ресурси односно несоодветен број на судска служба и судии, со што всушност се намали и капацитетот на работата. Ова од причина што дел од судската служба и судии беа отсутни односно доста судии заминаа во старосна пензија, но и покрај ваквите услови Судот со натчовечки напори се справуваше со сите новонастанати проблеми во текот на годината.

# II. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

## 1. Организациска поставеност и систематизација (судии и други вработени); планирани и реализирани вработувања.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија број 08-1595/1 од 03.10.2019 година, за Претседател на Основниот граѓански суд Скопје е избран Илир Сулејмани - судија на Основниот граѓански суд Скопје

На крајот од 2022 година, Основниот граѓански суд Скопје ја извршуваше судската власт со 57 судии, вклучувајќи го Претседателот на судот и еден судија времено упатен од Основен суд Крива Паланка, што е за 20 помал бројот на судии од утврдените 77 судиски места во Основниот граѓански суд Скопје, вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02-947/1 од 08.06.2022 година, судијата Маја Димитрова која беше времено упатена во Основен суд Берово е вратена во Основниот граѓански суд Скопје.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02–1698/1 од 28.09.2022 година судијата Благица Ѓошевска од Основниот суд Крива Паланка е времено упатена во Основниот граѓански суд Скопје.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02-1195/5 од 01.07.2022 година, на судијата Радмила Карановиќ и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02-1195/24 од 01.07.2022 година, на судијата Татјана Попоска Николовска и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02-1195/4 од 01.07.2022 година, на судијата Лилјана Зафировска Петреска и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02-1195/25 од 01.07.2022 година, на судијата Мирјана Николовска Калчиноска и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02-1195/26 од 01.07.2022 година, на Нухи Рустеми му се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02-1247/1 од 07.07.2022 година, на судијата Павлина Попоска и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02-918/3 од 29.06.2022 година, на судијата Хилда Мешкова и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02-1529/2 од 07.09.2022 година, на судијата Татјана Клинчарска и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Бр. 02-1931/1 од 09.11.2022 година, на судијата Магдалена Бајалска Ѓорѓиевска и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Вкупниот број на предвидени работни места за судските службеници, лицата кои вршат технички и помошни работи и судската полиција во Основниот граѓански суд Скопје, според категории, нивоа и звања, стручни квалификации, работно искуство, посебни работни компетенции согласно со Законот за судска служба, како и опис на работните задачи, во Основниот граѓански суд Скопје се утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во судот.

Со овој акт до крајот на извештајната година се предвидени вкупно 581 работни места во Судот. Од вкупниот број, 1 работно место е предвидено во Категорија А - судски администратор, 9 работни места се предвидени во Категорија Б - раководни судски службеници, 157 работни места се предвидени во Категорија В - стручни судски службеници, 367 работни места се предвидени во Категорија Г - помошно-стручни судски службеници, 12 работни места се предвидени за судската полиција и 35 вработени кои вршат технички и помошни работи во судот.

Распоредот на работните места и бројот на извршители е утврден врз основа на обемот на работата во судот и потребата сите служби во судот да функционираат стручно и ажурно.

Од друга страна, на крајот на 2022 година, Основниот граѓански суд Скопје располагал со вкупно 249 вработени во судската служба. Од вкупниот број, 11 биле вработени на определено време.

Во рамки на категоријата А - судски администратор предвиденото 1 работно место било пополнето. Во рамки на категоријата Б - раководни судски службеници, од предвидените 9 работни места, биле пополнети 2 работни места во звањата раководител на оддел и раководител на одделение. Во рамки на категоријата В - стручни судски службеници од предвидените 157

работни места, биле пополнети 70 работни места во звањата советник, виш судски соработник, судски соработник, соработник, помлад судски соработник и помлад соработник. Во рамки на категоријата Г - помошно-стручни судски службеници од предвидените 367 работни места, биле пополнети 159 работни места во звањата самостоен судски референт, самостоен референт, виш судски референт, судски референт и помлад судски референт. Останатите вработени во судот биле 8 припадници на судската полиција и 9 вработени лица кои во судот вршеле технички и помошни работи.

Во текот на 2022 година, биле реализирани единаесет (11) вработувања на определено време.

**2. Проценка на безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на судот според стандардите.**

Работното време во судот е од 07,30 до 15,30 часот. Паузата во текот на работното време се користи од 11,00 до 11,30 часот. Временскиот период за работа со странки во судските писарници е од 08,30 до 14,00 часот. Вработените во судот се должни да се придржуваат на работното време и да бидат на своите работни места без непотребно задржување во други простории на судот.

Во работните простории во судот не е дозволено однесување што го нарушува работниот тек. По завршувањето на работното време предметите, службените материјали, канцеларискиот прибор, други предмети од поголема вредност, печатите и штембилите се заклучуваат. Сите простории мора да имаат резервни клучеви кои се чуваат кај судската полиција. Вработените се должни пред напуштањето на работните простории да проверуваат дали се затворени прозорците и исклучени светлата.

За правилно користење на главниот и службениот влез на судот се грижи судската полиција, која обезбедува непречено движење на вработените, странките и другите лица кои влегуваат и излегуваат од судската зграда. За влез и излез во судската зграда, странките и другите лица го користат главниот влез. На главниот влез судската полиција врши легитимирање. На лицата под дејство на алкохол и наркотични средства судската полиција не им дозволува влез во судската зграда. Не е дозволено задржување на странките и другите лица во зградата на судот по завршување на потребата. Во судниците, како и во просториите за разгледување на списи забранета е употребата на мобилните телефони.

Со куќниот ред се утврдува начинот на користење на работните простории, одржување на редот и хигиената, потребните мерки за безбедност на просториите и други мерки за чување на средствата за работа и предметите што се наоѓаат во судот. Со куќниот ред се утврдуваат должностите на судската полиција на која и е доверена грижата за безбедност во зградата.

# III. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

Во текот на 2022 година во Одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови се преземени активности во насока на воедначување на судската пракса.

На ден 11.04.2022 година е одржан останок на кој беше истакнато Барање за воедначување на судската пракса, а кое на барање од судијата Кети Германова - Претседател на оддел за имотни спорови,спорови од мала вредност и семејни споровие доставено до Апелациониот суд Скопје до Претседателот на граѓанскиот оддел. Барањето за воедначување на судската пракса се однесува на две различни одлуки донесени од страна на Врховен суд на РСМ за надомест на штета од државата по чл.553 од ЗКП донесени во 2020 и 2021 година, а кои одлуки се доставени во прилог на Барањето за воедначување на судска пракса поднесено до Апелационен суд Скопје од 11.04.2022 година.

На ден 25.10.2022 година е одржан состанок по претходна комуникација со Агенцијата за катастар на недвижности по однос на заземање став од страна на судот за постапување на бришење на времените мерки . Од страна на судиите во одделот беше констатирано дека судот носи решение за бришење на времени мерки по поднесено барање на должникот во постапката доколку е постигнат условот од чл.41 од Законот за обезбедување на побарувањата и дека судот не може да донесе решение за бришење на времена мерка по донесена укинувачка одлука на второстепениот суд од причина што постапката не е правосилно завршена. Оваа констатација е проследена со Писмено известување од судијата Кети Германова до Агенција за катастар на недвижности.

На ден 01.12.2022 година е одржан состанок на кој беше дискутирано за извршувањето на времените мерки, односно кој истите да ги извршува и дали извршувањето, да стои во изреката на решението за времена мерка. Судиите во одделот се согласија да во изреката на решението за времена мерка да не се наведува кој ќе ја извршува истата. На истиот состанок судиите во одделот се согласија да доколку странката поднесе барање за печат на правосилност и извршност на решението времена мерка би се постапило по барање на странката и ќе се стави печат за правосилност и извршност на самото решение.

Во текот на 2022 година на седница на Одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација беа разгледани следните правни прашања:

- воедначување на судската пракса во случај на укинување на решение со кое е дозволена времена мерка по барање на Агенцијата за катастар на недвижности;

- воедначување на судската пракса во однос на надлежноста на одделот за трговски спорови во однос на споровите кои не произлегуваат од стопанските односи меѓу правни лица;

- воедначување на судската пракса во однос надоместот на трошоците на адвокати кои што имаат седиште надвор од територијата на Основниот граѓански суд Скопје;

- воедначување на судска пракса во предметите по приговор против нотарски платен налог каде е фактуриран поголем износ од договорениот надомест за испорачана електрична енергија со повикување на променети околности на пазарот за снабдување со електрична енергија и кризната состојба со снабдување со електрична енергија.

На седници одржани во текот на 2022 година во Одделот за оставински и вонпарнични предмети со цел усогласување на судската пракса, судиите ги разгледаа следните правни прашања.

1. Дали може да се расправа оставина каде како предмет на оставина е недвижен имот кој влегува во консолидационо подрачје согласно со Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште број 41-9241/5 од 08.11.2022 година на Владата на РСМ?

Не постојат законски пречки за спроведување на оставинската постапка чиј предмет претставува недвижниот имот кој влегува во консолидационо подрачје согласно со Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште број 41-9241/5 од 08.11.2022 година на Владата на РСМ. Во тој контекст, во Законот за консолидација на земјоделско земјиште (чл.31) е содржана забрана за физичка делба на недвижен имот кој влегува во консолидационо подрачје но не е и забрана за водење на оставинска постапка на истиот имот.

2. Колкав е идеалниот дел на законските наследници во случај кога има двајца наследници од прв наследен ред од кои едниот починал по смртта на оставителот, а пред расправање на оставината и истиот бил во брачна заедница без потомство?

Со оглед дека синот на покојниот починал по смртта на оставителот, а пред расправање на оставината на оставителот исполнети се законските услови за примена на правниот институт: „Наследничка трансмисија“ во однос на неговата сопруга, односно снаа на оставителот. Во услови кога позитивна наследничка изјава дале ќерката на оставителот како наследник од прв наследен ред и снаата на оставителот по основ на наследничка трансмисија од нејзиниот покоен сопруг – син на оставителот со кого немале потомство, за законски наследници треба да бидат огласени ќерката на оставителот на ? идеален дел и снаата на оставителот на ? идеален дел.

3. Дали ќе наследат потомците на синовите кои дале негативна наследничка изјава, односно внуците на оставителот?

Согласно одредбата од чл.128 став 2 од Законот за наследување, откажувањето од наследството важи и за потомците на оној кој што се откажал со изјава на судот до завршувањето на расправата на оставината, освен ако не изјавил изрично дека се откажува само од свое име. Тоа значи дека законска претпоставка е дека откажувањето на наследникот важи за неговите потомци, но ваквата законска претпоставка е рушлива. Ако наследникот изрично изјави дека се откажува само од свое име тогаш откажувањето има ограничено дејство, следствено на што потребно е во таков случај да се повикаат наследниците да дадат наследничка изјава. Ако наследникот изрично не изјавил дека се откажува само од свое име, тогаш откажувањето има дејство и во однос на неговите наследници. Во тој контекст, треба да се цени содржината на изјавата за откажување на наследникот, што има суштинско влијание дали изјавата има дејство единствено спрема наследникот или спрема неговите потомци.

4. Како да се постапи во оставинска постапка кога оставителот има право од договор за користење на сеф во банка, полномошникот на учесниците бара сефот да не биде отворен, бидејќи учесниците се запознати со тоа што оставил оставителот во сефот?

Целисходно е сефот да биде отворен врз основа на решение заради утврдување на оставината на оставителот во смисла на одредбата од чл.146 став 1 на ЗВП. Целисходноста на отварањето на сефот со попис и процена на содржината на сефот произлегува и од одредбата од чл.152 на истиот закон. На таков начин ќе се спречи предмет на расправање на оставина на ствари кои што се надвор од промет или подлежат на посебен режим на промет.

5. Дали предмет на дополнителна распределба на оставина може да претставува право на користење запишано на име на оставителот во катастарската евиденција?

Предмет на дополнителна распределба може да претставува правото на користење запишано на име на оставителот во катастарската евиденција. Доколку барањето за приватизација на недвижен имот во државна сопственост е поднесено од страна на лице кое се повикало на околноста дека истиот е законски наследник на оставителот, предмет на дополнителна распределба може да претставува и тоа право, со претпоставка дека барањето е поднесено по моментот на смртта на оставителот. Доколку барањето за приватизација на недвижен имот во државна сопственост е поднесено од страна на лице без повикување дека истото е поднесено од негова страна како законски наследник на сега покојниот, тогаш предметното право не може да претставува предмет на дополнителна распределба затоа што не може да добие статус на имотно право со кое располагал сега покојниот во моментот на неговата смрт што би ја сочинувало неговата оставина. Во тој контекст неопходно е потребно да биде обезбедено предметното барање и од неговата содржина да биде утврден решителниот факт во чие име е поднесено барањето за приватизација на недвижен имот во државна сопственост.

6. Како да се постапи кога во постапка за расправање на оставина донесено е решение со кое се утврдува дека законски наследник е само еден учесник кој дал изјава под полна морална материјална и кривична одговорност дека е единствен законски наследник на починатиот, а во постапката за дополнително пронајден имот се појавуваат петмина учесници?

Да се расправа оставината за дополнително пронајден имот. На учесниците да им се укаже дека претходно е донесено решение каде што како единствен законски наследник е огласен само еден од учесниците, како и дека нивните права по однос на првобитно расправената оставина може да ги остварат во соодветна граѓанска постапка.

7. Кога се работи за наследнички изјави дадени од наследниците надвор од записник, дали треба негативната наследничка изјава да биде заверена од нотар?

Во чл.170 од Законот за вонпарнична постапка, е утврдено дека не треба заверка на негативна наследничка изјава дадена од наследник преку адвокат надвор од записник.

8. Усогласување на одредбите на Законот за процена со одредбите на Законот за парничната постапка, особено во однос на можноста за проверка на правилноста на извршената проценка.

Постои очигледна неусогласеност меѓу одредбите на Законот за процена и Законот за парнична постапка во однос на примената на процената како доказ во судската постапка, а особено во однос на можностите за оспорување на правилноста на истата, така што оправнано е усогласување на одредбите од двата закона.

## IV. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

**1.**Податоци за работата на Канцеларијата за односи со јавност (контакти) – Во текот на 2022 година во Канцеларијата за односи со јавност се јавија 283 странки (телефонски или лично во судот) кои упатија и поставија прашања до оваа Канцеларија. На странките кои што се обратија во оваа Канцеларија им е одговорено на поставените прашања.

Во текот на 2022 година на службената електронска пошта "portparol@osskopje2.mk" примени се вкупно 215 (двеста и петнаесет) барања на информации од граѓани, физички и правни лица, адвокати, новинари и медиуми и по сите е постапено и одговорено по електронски пат.

Основниот суд граѓански суд Скопје во текот на извештајната година продолжува со етаблиранатa пракса на брза и навремена комуникација со новинарите и медиумите, без да се наштети на независноста и самостојноста на судот. Па така, во текот на 2022 година од вкупно 215 барања примени на електронска пошта "portparol@osskopje2.mk", 31 (триесет и едно) барање се поднесени од страна на новинар/медиум, односно истите во 31 наврат поставиле прашања и побарале информации од судот по електронски пат. По сите поставени прашања и барања на информации е постапено и одговорено од страна на Претседателот на судот и судските соработници во судот задолжени за тоа. Споредено со 2021 година кога од страна на новинари/медиуми биле поставени вкупно 59 (педесет и девет) барања на информации, во 2022 година се забележува намалување на бројот на поставените прашања и побарани информации од нивна страна.

**2.**Број на примени и одговорени прашања по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, начин на постапување и одговарање – Во текот на 2022 година до Основниот граѓански суд Скопје се поднесени вкупно 27 (дваесет и седум) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

По сите поднесени барања во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година е постапено и одлучено. Така, позитивно се одговорени 22-дваесет и две барања и тоа со решение со кое е усвоено барањето за пристап до информации од јавен карактер. По 1-едно барање донесено е решение со кое делумно се усвојува барањето и тоа со решение СПИ -7/22 од 29.04.2022 година. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер е поднесено на ден 15.04.2022 година, од барателот М.Ч. Од Скопје, при што на истиот му е дадена информација од јавен карактер во обем којшто одговара на резултатите од спроведениот тест за штетност од 19.04.2022 година, а во останатиот дел одбиен е пристапот од бараната информација. Решението е донесено согласно член 20 и 25 в.в со член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Бројот на барањата кои се повлечени од страна на барателот изнесува 1 (едно барање), а во однос на 3-три барања за пристап до информации од јавен карактер се донесени решенија за отфрлање на барањата како недозволени, од причина што

барателите се странки во постапките во однос на кои се однесуваат бараните информации. Па, така истите своите права по однос на бараната информација можат да ги остварат согласно Законот за парнична постапка и Судскиот деловник.

Во 2022 година евидентно е намалување на бројот на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер (27) во однос на претходната 2021 година кога нивниот вкупен број изнесуваше 41.

Погоренаведените барања се поднесени од страна на физички и правни лица, меѓу кои и здруженија на граѓани и невладини организации и тоа во вид на писмени барања поднесени до приемно одделение на судот или повеќето поднесени по електронски пат на електронска пошта "portparol@osskopje2.mk". Со цел постигнување позитивни резултати, од страна на овој суд како Имател на информации од јавен карактер доследно се применува и спроведува Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/2019 од 22.05.2019 година).

**3**.Број на објавени одлуки на веб страната на судот, фактори кои влијаат на објавите на интернет – Согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник, на веб страната на судот во текот на 2022 година се анонимизирани и објавени вкупно 4.707 одлуки.

**4**.Објавени соопштенија за јавноста, прес конференции, јавни настани, отворени денови организирани од судот – Поради отвореност и транспаретност на работењето на судот во текот на 2022 година, на веб страната на судот покрај Годишната програма за работа на судот за 2023 година, годишните, месечните и квартални извештаи за 2022 година, се објавени вкупно 127 (сто дваесет и седум) објави и тоа соопштенија, известувања, јавни огласи, интерни огласи, одлуки за избор, резултати, ранг листи и сл. Соопштенијата во главно се однесуваат на конкретни постапки кои се водат пред Основниот граѓански суд Скопје, а каде се извршило објавување на писмено на огласна табла на судот.

На веб страната на Судот секој месец согласно Судскиот Деловник се објавува календар со насрочени судења за тековниот месец.

Исто така, во 2022 година се ажурирани податоците на веб страната на судот кои се однесуваат на извештаи од работата на судот (годишни, месечни, квартални), планови за работа, годишни завршни сметки и сл.

Мора да се напомене дека во Основниот граѓански суд Скопје во период од 2020- 2022 година отсуствуваат или се сведени на минимум јавните настани, отворените денови организирани од судот, како и меѓународната соработка на судот, а со оглед на пандемија со вирусот Ковид-19.

По повод "25-ти Октомври - Европскиот ден на правдата" што секоја година се одбележува во сите европски држави, со цел правдата да се доближи до граѓаните и тие да бидат запознаени со нејзиното спроведување, Основниот граѓански суд Скопје во 2022 година го одбележа со организирање

на активности кои подразбираат запознавање на граѓаните одблиску со нивните човекови права, односно со функционирање на системот на правосудството во поширока смисла. По тој повод на 20.10.2022 година на веб страната на судот беше објавено известување до јавноста и медиумите за одржувањето на овој настан. На настанот беа повикани студенти од Правниот факултет Скопје при УКИМ да можат да следат судење на закажани рочишта, а исто така и ученици од средно училиште Гимназија "Јосип Броз Тито" - Скопје за да се запознаат со работата, активностите и надлежностите на Основниот граѓански суд Скопје.

Како резултат на поканата, на ден 25.10.2022 година Основниот граѓански суд Скопје го посетија ученици од средното училиште Гимназија "Јосип Броз Тито" - Скопје и присуствуваа на предавање организирано од наша страна. При тоа учениците покажаа особена заинтересираност преку поставување на прашања поврзани со работата на судот и функционирањето на судството во РСМ. На веб страната на судот беа објавени и фотографии од настанот.

Во текот на месец 03-ти 2022 година помеѓу судот и Средното економско и правно училиште на Град Скопје "Арсени Јовков" е склучен Меморандум за реализација на "Учење преку работа кај работодавач". Истиот меморандум е реализиран во период од 01.03.2022 година до 10.06.2022 година, во кој период судот беше посетен од страна на вкупно 30-триесет ученици од наведеното училиште кои практичната настава ја оствариja во просториите на овој суд.

Во истиот период беше склучен и Меморандум за реализација на "Учење преку работа кај работодавач" помеѓу судот и Средното економско и правно училиште на Град Скопје "Васил Антевски Дрен". Овој Меморандум е реализиран во период 01.03.2022 година до 10.06.2022 година, во кој период судот беше посетен од страна на вкупно 14-четиринаесет ученици од наведеното училиште кои практичната настава ја оствариja во просториите на овој суд. Погоренаведените Меморандуми се однесуваа за учебната 2021/2022 година.

Понатаму за учебната 2022/2023 година, во текот на месец 10-ти 2022 година помеѓу судот и Средното економско и правно училиште на Град Скопје "Васил Антевски Дрен" е склучен Меморандум за реализација на "Учење преку работа кај работодавач". Истиот меморандум е во реализација и се однесува на период од 15.10.2022 година до 10.06.2023 година, во кој период судот е, и ќе биде посетуван од страна на вкупно 45-четириесет и пет ученици од наведеното училиште кои практичната настава ја остваруваат во просториите на овој суд.

Во период на месец 11 и 12/2022 година, остварен е соработка помеѓу судот и правниот факултет „Јустинијан Први" Скопје, која се состоеше во практична настава на студенти од втор циклус, конкретно со следење на судења на процесниот, вонпроцесниот и стечајниот оддел.

Основниот граѓански суд Скопје во месец декември 2022 година склучи Меморандум за соработка и со Средното електротехничко училиште на Град

Скопје “Михајло Пупин“ - Скопје, заради реализација на практичка обука за 6-месечен период во учебната 2022/2023 година, на ученик од струката - електротехничар по компјутерска техника и автоматика, а заради унапредување на стекнатите знаења од темите значајни за струката, а кои се дел од програмата на “Учење преку работа кај наведеното средно училиште.

## V. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во судот се употребуваат АКМИС и СРС ФЕМИДА софтверски апликации како основни апликации за работа на судот со судските предмети. Потребно е да се напомене дека за АКМИС апликацијата постои тековно одржување односно надградба и стручна помош од страна на одговорната фирма за АКМИС, додека за СРС ФЕМИДА системот односно софтверот за водење на тонски записи на рочиштата, непостои одржување во смисла за надградба на системот како и за замена на технички неисправните компоненти. Потребно е од итен карактер да се обезбеди одржување на СРС ФЕМИДА системот особено со стапувањето на сила на Законот каде е предвидено задолжително водење на тонски записи на рочиштата. Овој суд континуирано секојдневно врши вакви тонски записи на рочиштата. Опремени се 28 судници, меѓутоа веќе поголем дел од опремата е амортизирана и технички неисправна со што се отежнува функционирањето на истата па од особена важност е да се превземат мерки за замена на неисправните компоненти, како би можело непречено да се одвиваат рочиштата со тонски запис во сите судници на овој суд.

АКМИС софтверот во изминатиот период е надоградуван и инсталирани се нови верзии со имплеметирани подобрувања во функционирањето. Истото се врши од страна на одговорната надворешна фирма за одржување и надоградба на АКМИС.

Во изминатиот период опремена е една дигитална судница.

Пред самиот крај на 2022 година инсталиран е нов сервер во судот и отпочната миграција од стариот сервер.

Во делот на backup судот до минатата година го правеше на ДВД дискови, поради технички причини. Со инсталација на новиот сервер процедурата за backup е сменета.

Потребно е да се воспостави процедури за backup и за тонските записи, кои во моментот се зачувуваат покрај на ЦД медиум и локално на работната станица, што значи доколку се оштети снименото цд од тонскиот запис не е можно да се поврати тој запис. Па со оглед на тоа потребно е и набавка на посебен data storage, каде ќе се врши backup на сите тонски записи.

Потребно е да се нагласи дека овој суд се соочува со недостаток на ИТ опрема. Па поради тоа итно е потребно да се обезбедат средства за набавка на ИТ опрема како би можело непречено да се одвива работата во судот.

Во текот на 2022 година набавени се 30 персонални компјутери. Меѓутоа со оглед дека останатите компјутери со кои располага судот дел се застарени, дел нефункционални, а бројот на вработени во судот на кои компјутерот им е неопходно средство за работа е голем, потребна е поголема набавка (во смисла на број на компјутери) како би можел судот и вработените непречено да функционираат.

За сите недостатоци и потребни надградби на АКМИС системот како и во врска со електронската достава, судот го известува Работното тело за унапредување и стандардизација на постапките при Врховен суд. Исто така во делот на електронската достава при проблеми со најавувања на субјектите и евентуални технички проблеми овој суд освен да прифати или одбие регистрација и притоа да го провери/ажурира истото не е во можност за други интервенции.

Веб страната на судот континуирано се ажурира. Имено, на судскиот портал секојдневно се објавуваат Одлуки донесени од страна на овој суд како и останати Соопштенија во врска со работата на судот и календар на закажани рочишта, како и останати информации во врска со судот.

Модулот за скенирање на сите примени поднесоци во овој суд во моментот не се користи поради недостаток на технички и човечки ресурси со оглед на големината и обемот на дневно примената пошта за овој суд.

Обезбедена е интернет конекција на сите работни станици на кои работат судиите, како и на одредени работни станици кои ги користи судската администрација.

Во поголем дел за информатичката технолигија судот не е надлежен, односно сите централни апликации и политики за употреба на истите, се во надлежност или ги креира Врховниот суд на РСМ, Министерството за правда на РСМ и Судскиот Совет на РСМ.

Овој суд е опремен со два сервера кои се наменети за интероперабилност, односно во двата проекти за Интероперабилност, кој вклучува меѓусебна комуникација на неколку државни институции и тоа со однапред дефинирани кориснички сервиси. Судот моментално е пасивен корисник, односно ги дава претходно дефинираните сервиси на договорените институции, но не ги користи нивните понудени сервиси, бидејќи е потребно претходно усогласување на некои процесни и законски пречки.

# VI. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Судот располага со 25 судници, 103 канцеларии и 3 дактилобироа.

Во контекст на просторните капацитети, овој Суд нема просторни можности за преземање на нотарската архива на чување.

Имено, просторот кој во зградата на Судот е предвиден и се користи како пасивна архива е целосно пополнет, па доколку биде преземена архивата на нотар на која му престанала службата, истата не би можела да се чува во просторот за таа намена, односно да се чува на начин како што е предвидено со прописите кои ја регулираа оваа материја.

Судот треба да обезбеди чување, стручно одржување и обезбедување на архивскиот материјал на нотарите од оштетување, уништување и исчезнување. Притоа, архивата на нотарите се состои од акти, односно списи на предмети, како и уписници и книги.

Понатаму, чести се барањата за увид во списите на предметите и во уписниците и барањата за издавање на препис од истите.

Наведените обврски на Судот подразбираат предметите да не се оставаат без надзор, да бидат заклучени и обезбедени во пасивната архива и воедно, да се сместени на начин кој ќе обезбеди нивно користење.

Овие обврски од погоре наведените причини Судот во 2022 година не можеше да ги исполни, бидејќи просторот за таа намена (паснивната архива) е искористен.

За потешкотиите со кои се соочува Основниот граѓански суд Скопје во однос на исполнување на законската обврска од член 18 од Законот за нотаријатот, дека нема просторни можности да ја преземе архивата на нотарите го запознавме Министерството за правда, Судскиот совет на Република Северна Македонија и Нотарската комора на Република Северна Македонија.

Треба да се има предвид дека судот претходно ја исполнувал обврската од член 18 став 1 од Законот за нотаријатот, и постапува по барањата за увид и издавање на препис од актите.

Повторно сакаме да нагласиме дека Основниот граѓански суд Скопје и покрај јасно определената законска обврска, нема просторни можности да ја преземе архивата на нотарите на кои им престанала функцијата, особено не на начин како што е предвидено со прописите кои ја регулираат оваа материја.

Се надеваме дека законското овластување на Министерството за правда од член 23 од Законот за нотаријатот, Службен весник на РМ, број 72/16, да

даде претходна писмена дозвола за предавање на нотарската архива на чување, освен на судот, и на Комората или на друго правно лице регистрирано за дејноста архивирање и чување на предмети, во иднина ќе придонесе за надминување на потешкотиите на Основниот граѓански суд Скопје за преземање на нотарската архива на чување.

Исто така, и просторот наменет за чување на предметите за кои постапката е во тек и решените предмети за кои постапката продолжува до исполнување на услови за архивирање се искористува во целост.

Судот презема конкретни мерки и активности за обезбедување просторни услови за чување на предметите на Основниот граѓански суд Скопје за кои постапката е во тек, решените предмети за кои постапката продолжува до исполнување на услови за архивирање и за чување на документираниот и архивскиот материјал.

Поконкретно, Основниот граѓански суд Скопје приспособи простор на горните катови во холовите на зградата во судот за чување на дел од пасивната архива, односно архивскиот и документираниот материјал кој го создава Основниот граѓански суд Скопје. Воедно, приспособи простор на приземјето на судот во делот на судските писарници за чување на дел од пасивната архива, и покрај тоа што истиот простор е наменет за прирачната архива. Но, и покрај сите преземени мерки, судот се соочува со сериозен недостиг на простор за чување на предметите.

За обележување е и фактот дека инсталацијата на системот за греење и ладење во судската зграда е оштетена, заради што системот во определени простории, меѓу кои и судници, не функционира. Ова доведува до отежнато функционирање на судот, како и до чести поплавувања, кои предизвикуваат оштетувања.

## VII. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

Во 2022 година во Основен граѓански суд Скопје се планирани и извршени следните јавни набавки:

Набавки од мала вредност:

1. Набавка на средства за хигиена бр.01645/2022. Склучен договор во износ од 125.599,00 денари со ДДВ.

2. Осигурување на имот и опрема бр.02529/2022. Склучен договор во износ до 59.800,00 денари со ДДВ.

3.Набавка на потрошен канцалариски материјал бр.03868/2022. Склучен договор во износ од 501.020,00 денари со ДДВ.

4. Набавка на тонер, драм и компјутерска галантерија бр.04139/22. Склучени пет договори во вкупен износ од 437.852,81 денари со ДДВ.

5. Набавка на печатен канцалариски материјал бр.05404/22. Склучен договор во износ од 471.056 ,00 денари со ДДВ.

6. Закуп на 46-четириесет и шест фотокопир печатари бр.07108/22. Склучен договор во износ од 421.260,00 денари со ДДВ.

7. Набавка на моторно гориво на бензиски станици бр.07122/22. Склучен договор во износ од 170.962,00 денари со ДДВ.

8. Набавка на браварски, водоинсталатерски и електричарски материјали бр. 09581/22. Склучени три договори во вкупен износ од 149.919,00 денари со ДДВ.

Отворена постапка:

9. Групна јавна набавка на електрична енергија бр.01965/22. Склучен договор во износ од 5.900.000,00 денари со ДДВ со важност до 30.04.2023 година. Вкупните парични средства од договорот се искористени со плаќање на фактурите за месец Мај, Јуни и Јули 2022 година. Објавени се уште две постапки за групна јавна набавка на електрична енергија, но двете се поништени бидејќи не е поднесена ниту една понуда.

Претседател
на Основниот граѓански суд Скопје,
**Ilir Sulejmani**

**Основен граѓански суд Скопје**

**Бул. Гоце Делчев ББ**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**тел. +389 2 3120-171**
**тел. +389 2 3119-803**

**e-mail: osnovensudskopje2@osskopje.mk**